Врз основа на член 18 став 1 алинеја 3 и член 20 став 1 алинеја 10[1] од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20), а во врска со член 41 став 6 од истиот Закон, член 15 став 1 алинеја 3 и член 39 став 1 алинеја 10 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) арх.бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, одлучувајќи по Известувањето за промена на сопственичка структура на Трговското радиодифузно друштво РАДИО КИСС ДООЕЛ Тетово Уп1 бр.02-354 од 14.09.2020 година, со дополнување Уп1 бр.02-354 од 18.09.2020 година, согласно Заклучокот на Советот арх.бр.02-3590/5 од 05.10.2020 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 35-та седница одржана на 05.10.2020 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

1. СЕ ДОЗВОЛУВА промена во сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво РАДИО КИСС ДООЕЛ Тетово, и тоа:

- за истапување на физичкото лице Габриела Ѓурчиноска со ЕМБГ [redacted] и адреса на ул.„[redacted]“ бр.[redacted], [redacted]; и

- за пристапување на физичкото лице, Зоран Тодоровски со ЕМБГ [redacted] и адреса на ул„[redacted]“ [redacted], [redacted], [redacted], [redacted].

2. Се задолжува Трговското радиодифузно друштво РАДИО КИСС ДООЕЛ Тетово, по извршената промена наведена во точка 1 на оваа Одлука, до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да достави актуелна тековна состојба издадена од Централен регистар на Република Северна Македонија.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**О б р а з л о ж е н и е**

Трговското радиодифузно друштво РАДИО КИСС ДООЕЛ Тетово, согласно член 41 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20) и Правилникот за формата и содржината на известувањето за промена на сопственичката структура („Службен весник на Република Македонија“ бр.171/14), со Известување за промена на сопственичка структура Уп1 бр.02-354 од 14.09.2020 година, со дополнување Уп1 бр.02-354 од 18.09.2020 година, ја извести Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за неговата намера да спроведе промена во сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво РАДИО КИСС ДООЕЛ Тетово.

При увид во првичното доставеното Известување за промена на сопственичка структура Уп1 бр.02-354 од 14.09.2020 година и приложената документација кон истото, беше констатирано дека истото не е уредно, во смисла на тоа што во нотарски заверената изјава од физичкото лице кое пристапува во сопственоста на радиодифузерот и во образецот на Известувањето беше наведен различен ЕМБГ на ова лице, а во образецот на Известувањето не беа во целост наведени адресите на радиодифузерот, на лицето кое истапува и на лицето кое пристапува во сопственичката структура. Имајќи го предвид ова, Агенцијата со писмен допис го извести ТРД РАДИО КИСС ДООЕЛ Тетово (Уп1 бр.02-354 од 17.09.2020 година) и побара од радиодифузерот да го доуреди Известувањето.

[1]Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија” бр.248/18).

На 18.09.2020 година, ТРД РАДИО КИСС ДООЕЛ Тетово до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги достави ново коригирано Известување за промена на сопственичка структура Уп1 бр.02-354 од 18.09.2020 година. Со оглед на тоа, се утврди дека вака доставеното Известување за промена на сопственичка структура Уп1 бр.02-354 од 18.09.2020 година е комплетно и уредно, односно ги содржи сите податоци и документи утврдени во Правилникот за формата и содржината на известувањето за промена на сопственичка структура.

Со оглед дека Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги констатираше дека со спроведувањето на промената во сопственичката структура на ТРД РАДИО КИСС ДООЕЛ Тетово не се создава недозволена медиумска концентрација во смисла на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно дека оваа промена не е спротивна на забраната од членовите 34, 35 став 2 и 38 од истиот Закон, по поднесеното Известување за промена на сопственичката структура Уп1 бр.02-354 од 14.09.2020 година, со дополнување Уп1 бр.02-354 од 18.09.2020 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе одлука како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни**
**медиумски услуги,**
**Претседател на Совет,**
**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ, с.р.**

**Бр.02-354**
**06.10.2020 година**
**С к о п ј е**

**Правна поука**: Против оваа одлука радиодифузерот, доколку не е задоволен од истата, има право во рок од 30 дена од денот на доставувањето на одлуката да поднесе тужба за поведување на управен спор до надлежниот суд.